

# СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

2021 - 2025

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

# ВОВЕД ВО СТРАТЕГИЈАТА

Драги млади,

Следејќи ги глобалните настани кои ја одбележаа 2020 година, вклучително пандемијата со Ковид-19 вирусот, а согласно потребите на Националното друштo на Црвен крст на Република Северна Македонија во полето на работа и менаџмент со млади, во месец март и април 2021 од страна на работна група формирана од редот на младите се пристапи кон креирање на „Стратегија за млади на Црвен крст на Република Северна Македонија 2021-2025”.

Примарниот фокус на стратегијата за млади е фасилитирање на Клубовите на млади и програмите кои вклучуваат млади волонтери/членови во која насока да се движат при развивање и креирање на активностите и програмите. Стратегијата обезбедува механизми за зајакнување на младинското учество во Националното друштво и адаптација на новите потреби и предизвици кои произлегоа од пандемијата со Ковид-19 вирусот.

Стратегијата ги следи заложбите на Европската младинска мрежа на Црвен крст и Црвена полумесечина за унапредување на младинското работење и младинската вклученост во организацијата. Согласно приоритетите за работа на мрежата во наредниот мандат (2021-2023) утврдени на 24. Конференција на Европскиот младински координативен комитет (EYCC), работната група ги структурираше определбите кои ќе бидат приоритет во работењето на младите во временскиот интервал утврден со оваа стратегија.

Стратешките цели се креирани во насока на системско преориентирање кон квалитет наспроти квантитет во процесите на регрутација и работа со млади. Носител на имплементацијата на стратегијата е Претседателот на млади со поддршка и во координација со Координативното тело на млади на ЦКРСМ и Советот на млади како највисоки преставнички тела на младите.

# НАШАТА ОСНОВА

**МИСИЈА на Црвениот крст на Република Северна Македонија**

Црвен крст на Република Северна Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случаи на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

**ВИЗИЈА на Црвениот крст на Република Северна Македонија**

Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

**ЗАКОН за Црвен крст на Република Северна Македонија и СТАТУТ на Црвен крст на Република Северна Македонија**

Нормативната рамка претставува правна основа која ја регулира помошната улога на Црвениот крст во државата. Таа ја **ги** формулира нашата улога и задачи**те** согласно со меѓународното хуманитарно право и претставува хуманитарен мост помеѓу нашето Национално друштво и државата за реализација на организациските приоритети и планови во интерес на целните категории кои ги опслужуваме.

**Основни ПРИНЦИПИ на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина**

Нашето делување се заснова на фундаменталните прицнипи: хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволна служба, единство, универзалност.

# КОИ СМЕ НИЕ?

Младите од Црвениот крст на Република Северна Македонија се ентузијастични, амбициозни и посветени млади кои своите капацитети, знаења, спобоности и слободно време ги инвестираат во насока на исполнување на мисијата на организацијата и помагање на оној на кој тоа му е најпотребно.

Нашето делување е организирано на национално и локално ниво. Во рамките на секоја општинска организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, младите се организираат во Клубови на млади, додека на национално ниво претставници од сите клубови на млади го сочинуваат Советот на млади како највисок орган на Младите на Црвен крст на Република Северна Македонија.

На територија на Република Северна Македонија дејствуваат 33 клубови на млади, во чии рамки на дејствување заклучно со 31.12.2020 година се регистрирани 1.956 активни млади волонтери. Сите 33 клубови на млади функционираат согласно Правилникот за организација и работа на Младите на Црвен крст на Република Северна Македонија и Статутите во Општинските организации и Црвен крст на град Скопје. Покрај тоа, секој клуб на млади поседува свое Упатство за организирање кое го опишува начинот на организирање кој се разликува зависно од потребите на клубот.

Во некои клубови на млади постои разгранетост на помали организациони форми поради обемната територијална покриеност во месни заедници или училишта (училишни клубови за едукација и превенција), а во некои клубови на млади има и ограноци на клубовите организирани за дејствување во одредени програми (Клуб 25; клуб на млади крводарители).

Работата на младите на Црвениот крст на Република Северна Македонија е насочена кон потребите на младите луѓе, преку пристапот врсник на врсник и разни облици на неформална едукација со цел промоција и унапредување на здравјето, ублажување на социјалните проблеми преку хуманитарни акции,  дејствување при итни состојби од хуманитарен аспект, зачувување на достоинствата и различностите, обучување на младата популација за заштита и самозаштита, стекнување со вештини од областа на првата помош, промовирање на принципите на движењето, повикување на култура на дијалог за взаемно разбирање, толеранција и хуман однос без дискриминација.

# ШТО НАПРАВИВМЕ ДОСЕГА?

**АНАЛИЗА НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА МЛАДИ 2018 – 2020**

Стратешкиот план за млади 2018 - 2020 на Црвениот крст на Република Северна Македонија донесен во 2017 година претставуваше водечки документ во развој на младинските политики и програми. Развојната стратегија беше насочена кон реализација на 3 стратешки цели:

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1**: Проактивно младинско дејствување во националното друштво;

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2**: Унапредување на системот за работа со млади волонтери;

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3**: Пристапи во работењето со млади;

Креирањето на стртегијата потекнува од желбата на младите да се направи нешто повеќе, нешто подобро и да се стигне подалеку кога станува збор за подобрување на секојдневието на оние кои имаат потреба од помош. Стратешките цели предвидени во истата аналитички гледано кореспондирале со реалните состојби како на локално така и на национално ниво, а кои ги таргетирале младите. Младите ја препознаа стратегијата како алатка која го дефинира патот на развој и унапредување на состојбите.

Предностите на стратегијата, кои ќе бидат земени предвид и при креирање на оваа, се оперативното планирање и точно дефинираните цели кои треба да се постигнат. Анализирајќи ги очекуваните резултати од стратегијата, може да се дојде до заклучок дека аспектите поврзани со работата со и за млади сѐ уште се во фаза на развој и/или се отпочнати процесите на остварување на наведените резултати. Тоа само нѐ охрабрува дека можеме и мораме да вложиме повеќе напори за имплементација на стратешките планови за млади и тоа поткрепени пред се со акциски планови и механизми за следење и корекција на стратешкиот план.

# SWOT АНАЛИЗА

## СИЛНИ СТРАНИ

- ✓ Иницијативност на младите за партиципирање во процесите на делување на Националното друштво
- ✓ Проактивност и креирање на нови активности, проекти и програми по принципот од млади за млади
- ✓ Подготвеност за имплементирање на голем процент од програмите на Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје
- ✓ Добро воспоставени практики за програмско дејствување на младите
- ✓ Воспоставена мрежа на делување на целата територија на државата

## СЛАБИ СТРАНИ

- × Недоволна застапеност на младите во процесите на донесување одлуки и креирање политики;
- × Недоволно афирмиран младиснки пристап во работата на координаторите за млади и стручните соработници за млади;
- × Диверзитет во начинот и квалитетот на планирање и спроведување на младинските активности;
- × Предизвици во одржливоста на младинските кадри на национално и локално ниво;

## МОЖНОСТИ

- ✓ Поддршка во напорите за унапредување на младинското работење од страна на соодветните чинители во Националното друштво;
- ✓ Поголема финансиска поддршка на младите на национално ниво
- ✓ Препознавање на младите како круцијална компонента во делувањето на Националното друштво;
- ✓ Соработка со организации и институции кои имаат исти или слични програми и активности за млади.

## РИЗИЦИ

- × Конкурентни програми и модули за млади од страна на други организации со финансиски надоместок;
- × Образовна или кариерна миграција на младите од нивните средини во и надвор од државата;
- × Општествени промени во однос на образовната, воспитната и вредносната компонента кај младите.

# КОИ СЕ НАШИТЕ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ?

1 ЈАКНЕЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЛОКАЛНО И НАЦИОНАЛНО НИВО ЗА КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ ПОЛИТИКИ, ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

2 РЕОРГАНИЗАЦИЈА И РЕФОРМИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ СТРУКТУРИ СО ЦЕЛ ИСПОРАЧУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ РЕЗУЛТАТИ

3 ТАРГЕТИРАНА РЕГРУТАЦИЈА НА ВОЛОНТЕРИ И КАДРИ ЗА КЛУБОВИТЕ НА МЛАДИ ПРЕКУ ПОНУДА НА ИНОВАТИВНИ ПРОГРАМИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ И ТРЕНДОВИТЕ ВО ДРЖАВАТА

2021 - 2025

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 01:

## ЈАКНЕЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЛОКАЛНО И НАЦИОНАЛНО НИВО ЗА КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ ПОЛИТИКИ, ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

Унапредувањето на младинските капацитети во националното друштво треба да претставува незапирлив процес кој ќе ги следи актуелните потреби и трендови со цел младите на Црвен крст на Република Северна Македонија да бидат препознати во нивните локални заедници како активни чинители во остварувањето на мисијата и визијата на организацијата и афирматори на вредностите и принципите на движењето. Воедно процесот треба да биде обезбеден со соодветни ресурси за имплементација на младински политики и механизми за младинско учество.

Стратешката цел треба да даде одговор на прашањето дали младите се подготвени да бидат носители на промените.

**Активности:**

- ✓ Креирање на платформа за едукација и унапредување на капацитетите на Клубовите на млади;
- ✓ Креирање на алатки за мотивација на волонтерите и членовите на Клубовите на млади;
- ✓ Официјална акредитација на едукативните програми за млади кои ги генерира Црвениот крст на Република Северна Македонија;
- ✓ Воспоставување на систем за поддршка и комуникација меѓу Клубовите на млади како простор во кој ќе се споделуваат позитивните практики, предизвиците и предлозите за унапредување на состојбите со Клубовите на млади;
- ✓ Јасно диференцирање на расположливите ресурси од буџетот на Црвен крст на Република Северна Македонија наменети за развој на младите и креирање на младински политики, а воедно и воведување на фиксна стапка на буџет за млади за секоја ООЦК/ЦКГС засебно;

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 02:

## РЕОРГАНИЗАЦИЈА И РЕФОРМИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ СТРУКТУРИ СО ЦЕЛ ИСПОРАЧУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МЛАДИНСКОТО РАБОТЕЊЕ

Ефективното учество на младите претставува право, но и можност младите да бидат вклучени во креирањето, носењето и реализацијата на од нивен интерес. Така тие ќе бидат препознати како партнери во создавањето на нови можности и ќе бидат значаен дел од процесите на креирање и спроведување на политиките кои придонесуваат во развојот на стратегиите и програмите на Националното друштво. Имајќи го наведеното предвид, младинското структуирање треба да подлежи на реформи со кои ќе се овозможи унапредување на работата на младите.

Стратешката цел треба да даде одговор на прашањето дали младите имаат визија за формата во која сакаат да делуваат.

**Активности:**

- ✓ Комплетирање на процесот за унапредување и зајакнување на претставничката структура на младите во Националното друштво, согласно позитивните практики на ниво на МФЦКЦП и НД на територија на Европа;
    - → Дефинирање на надлежности на претставничкото тело на млади и Претседателот на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија
    - → Нов начин на избор на Претседател на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија
    - → Проценка за имплементација на модул на младински конференции
- ✓ Брендирање на Клубовите на млади согласно актуелните политики за брендирање на Националното друштво;

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 03:

## ТАРГЕТИРАНА РЕГРУТАЦИЈА НА ВОЛОНТЕРИ И КАДРИ ЗА КЛУБОВИТЕ НА МЛАДИ ПРЕКУ ПОНУДА НА ИНОВАТИВНИ ПРОГРАМИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ И ТРЕНДОВИТЕ

Младинскаta работа во локалните заедници претставува процес на едукација и поддршка во развојот на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален, кариерен и општествен потенцијал. Затоа Црвениот крст на Република Северна Македонија во партнерство со Општинските организации и Црвен крст на град Скопје треба активно да креира програми кои кореспондираат со демографските карактеристики на младите со што ќе се овозможи инклузивност, промоција на соживот и афирмација на младинското учество и значењето на индивидуалниот допринос на младите во создавање здрави општества.

Стратешката цел треба да даде одговор на прашањето како ќе се генерираат кадри и ќе се воспостави одржлив развој кај младите.

**Активности:**

- Системско преориентирање кон квалитет наспроти квантитет во процесите на регрутација и работа со млади;
- 
- Користење на постоечки докажани програми за регрутирање и задржување на волонтери на локално и национално ниво;
- Креирање на нови програми за регрутација на волонтери согласно потребите на младите на национално ниво, соодветно прилагодливи и за локално ниво;
- Инкорпорирање на студенти во сервисните услуги согласно образовниот профил како алатка за регрутација за оваа категорија на млади;
- Продлабочување на соработката со училиштата како партнери преку училишните клубови и изготвување на насоки за работа со училишните клубови;
- Воспоставување на систем за институционална, организациска и корпорациска поддршка на младите;
- Воведување на иновации во волонтирањето согласно актуелните промени во начинот на живеење.

# МЕХАНИЗМИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

**МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

## 1. КАКО ЌЕ ЈА ИМПЛЕМЕНТИРАМЕ СТРАТЕГИЈАТА?

Предизвиците во примената на стратешките планови треба да се надминат со навремено и соодветно операционализирање на целите во краткорочните документи за работа на младите во националното друштво.

За таа цел оваа стратегија треба да биде опфатена во документите и актите на младите како што се годишна програма за работа на младите на Црвен крст на Република Северна Македонија и Општиските организации/ Црвен крст на град Скопје, кандидатура за новиот мандат за Претседател на Советот на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија и преку акциски план за имплеметација кој ќе биде донесен како прилог на оваа стратегија.

## 2. КОЈ ЌЕ СЕ ГРИЖИ ЗА НЕЈЗИНА ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА?

Стратегијата за млади 2021-2025 е документ кој треба да биде препознаен и афирмиран од Советот на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија како најрепрезентативен орган на младите. Текот на имплементацијата претставува една од главните заложби на Претседателот на млади кој воедно е и претставник на младите во Собранието и Раководниот одбор на ЦКРСМ. Поддршката во администрирање на стратешкиот план ќе произлезе пред се од Координаторот за млади преку примена на младинските програми, а понатаму и од остантите национални и локални чинители во процесите со млади.